РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-686/7
01.07. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 28.05.2026 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Наука за животна средина, политика за климатски промени и одржлив бизнис менаџмент", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик„ на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Наука за животна средина, политика за климатски промени и одржлив бизнис менаџмент", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик„ на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по економски науки, насока: Наука за животната средина, политика за климатски промени и одржлив бизнис менаџмент /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Economic Sciences, Field: Environmental Science, Climate Change Policy, and Sustainable Business Management.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.02 Економија и бизнис, Научно - истражувачко област: 5.02.00.01 Економија, 5.02.00.03 Менаџмент и бизнис.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Муртезани Исмаили, проф. д-р Гадаф Реџепи, проф. д-р Менан Селими.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 08-2220/5 од 10.07.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Наука за животна средина, политика за климатски промени и одржлив бизнис менаџмент", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик„ на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-3137/1 од 18.09.2025 година (наш бр. 08 - 686/1 од 26.09.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 40-та седницата одржана на 07.10.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 686/6 од 15.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 28.05.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков